Друштво за трговија, градежништво и услуги "ИНВЕСТИНГ"
Бр. 03-89/3
22.11 202 1 Год.
увоз-извоз ДООЕЛ РАДОВИШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ SHKUP
Бр./Nr. 10-13152/13
18-11-2021 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# АНЕКС 1 НА ДОГОВОР

## за вршење на стручно-технички надзор

**А.Министерство за образование и наука,** ул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерката за образование и наука Мила Царовска (во понатамошниот текст **„Корисник на услуги"**) од една страна и

**Б.Друштво за трговија, градежништво и услуги „ИНВЕСТИНГ" ДООЕЛ увоз-извоз Радовиш,** ул.„Свети Спасо Радовишки" бр.96, Радовиш, застапувано од Управителот Сузана Сусинова (во понатамошниот текст **„Давател на услуги"**) од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој Анекс 1 на Договорот за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на санитарни јазли во ООУ „Ванчо Прке" - Општина Делчево, е изменување на член 1 и член 2 од основниот Договор заведен со архивски број на Корисникот на услугите бр.10-13152/11 од 27.10.2021 година и со архивски број на Давателот на услугите бр.03-89/2 од 08.11.2021 година.

Овој Анекс 1 на Договор се склучува согласно членот 21 од основиот Договор, а со цел да се овозможи понатамошно непречено исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од основниот договор.

Давателот на услуги има доставено корегирана Конечна понуда до Корисникот на услуги заведена со бр.03-89/1 од 19.10.2021 година.

**Член 2**

Во членот 1 од основниот Договор броевите „10-13152/10 од 19.10.2021 година" се заменуваат со броевите „10-13152/12 од 11.11.2021 година".

**Член 3**

Во членот 2 став 3 од основниот Договор зборовите „131.728,00 (стотриесетиедна илјадаседумстотинидваесетиосум)" се заменуваат со зборовите „131.628,00 (сто триесет и една илјада и шестотини дваесет и осум)".

**Член 4**

Останатите одредби од основниот Договор за вршење на стручно-технички надзор со бр.10-13152/11 од 27.10.2021 годиина, остануваат непроменети.

**Член 5**

Овој Анекс 1 на Договорот за вршење на стручно-технички надзор со бр.10-13152/11 од 27.10.2021 година, влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 6**

Овој Анекс 1 на Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои 2 (два) примерока за Давателот на услугата и 4 (четири) примерока за Корисникот на услугата.

**КОРИСНИК НА УСЛУГИ,**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕРКА,**
**Мила Царовска**

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ,**

**Друштво за трговија, градежништво и услуги „ИНВЕСТИНГ“ ДООЕЛ увоз-извоз Радовиш**

**УПРАВИТЕЛ,**
**Сузана Сусинова**

Изготвил:Наташа Димовска
Прегледал: Бојан Митковски
Согласен: Благица Мојсова
Одобрил: Милка Масникоса
Маја Бичиклиска